Васил Главинов, 3/4-2,
1000 Скопје;
contact@nvoinfocentar.org.mk,
www.nvoinfocentar.mk

# ПРЕПОРАКИ
# до општините за воведување, унапредување и спроведување на антикорупциски политики и механизми



април 2020

Проектот е поддржан од американскиот народ, преку агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД)

Овие препораки се темелат на сознанијата и наодите од истражувањето на антикорупциските практики на општините во земјава, како и на резултатите од истражувањето на јавното мислење за корупцијата на локално ниво, реализирани во рамки на проектот „Рефлектор врз антикорупциските практики на локално ниво". НВО Инфоцентарот го подготви овој документ во соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК).

Имајќи ги предвид, од една страна, малото присуство и недоволната примена на антикорупциските политики и механизми во општините, како и ниската свесност за спречување на корупцијата и судирот на интереси односно потребата за јакнење на индивидуалниот и институционалниот интегритет, а од друга страна, различниот степен на итност, и потребните ресурси и време за подобрување на сегашната состојба, мерките што ги препорачуваме може да се поделат во три групи:

- Приоритетни;
- Краткорочни и
- Средноорочни

## 1. Приоритени мерки

**Приоритетните мерки**, пред сè, се однесуваат на сите оние антикорупциски механизми што општините треба или да ги имаат како минимум стандард или, пак, произлегуваат од законската регулатива како конкретни обврски. Овде, секако спаѓаат и оние мерки кои треба итно да се преземат или унапредат, а се однесуваат на транспарентноста и отчетноста во работењето – било да станува збор за законски обврски или за проактивно објавување информации од важност за граѓаните и локалната заедница. Овие приоритетни мерки се дел од поширокиот концепт на интегритет, кој подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорни лица, односно се вработени. Ваквите мерки ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа, обезбедуваат доверба кај граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.

Приоритетни мерки кои им се препорачуваат на општините се следниве:

- Изработка, усвојување и објавување на декларација во форма на документ за борба против корупцијата и судирот на интереси во општината, т.н. политика на интегритет;

- Воспоставување механизам (систем) за пријавување на неправилности и сомнежи за измами или корупција (како телефонски број, адреса за електронска пошта, итернет-платформа за анонимно пријавување и сл.), проследено со соодветна процедура;

- Назначување, овластување и јавно објавување на лице (и/ или канцеларија) за постапување по неправилности и сомнежи за измами или корупција;

- Назначување, овластување и јавно објавување на лице за заштитено внатрешно пријавување;

- Изработка и објавување на процедура за заштитено внатрешно пријавување;

- Назначување, овластување и јавно објавување на лице (повереник) за етика/ интегритет;

- Назначување, овластување и јавно објавување на лице за посредување со информации, како и на начинот на пристап до информации од јавен карактер;

- Вклучување во овие механизми или нивно пренесување и на институциите што се во надлежност на општините, пред сѐ, локалните јавни претпријатија.

## 2. Краткорочни мерки

**Краткорочните мерки** се однесуваат на сите оние механизми што треба да ги воведат и практикуваат општините, но за коишто се потребни соодветни подготовки или се потребни повеќе време и средства за нивна изработка и ставање во функција. И овие мерки произлегуваат како од законските обврски, така и од некои подзаконски и други акти и добри практики од областа на транспарентноста, антикорупцијата и интегритетот. Притоа краткорочноста овде се однесува на краткото време во кое мерките треба да се изработат и применат (најдоцна половина година), а не на краткото време на нивната важност.

Од овој аспект, на општините им се препорачуваат следните краткорочни мерки:

- Проактивно објавување на сите информации што произлегуваат од нивното работење, а во согласност со обврските од членот 10 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер;

- Назначување, овластување и јавно објавување на лице за координирање на процесот за управување со ризици;

- Наоѓање начини и форми за воспоставување, одржување и интензивирање на комуникацијата и соработката меѓу општината и Државната комисија за спречување на корупцијата;

- Изработка на план за спроведување обуки за интегритет и спречување на корупцијата и судирот на интереси за администрацијата и за функционерите.

## 3. Среднорочни мерки

**Среднорочните мерки** се однесуваат на посложените форми и механизми на антикорупција и интегритет за кои се неопходни поголеми подготовки, средства и време за изработка и примена. Овие мерки се темелат на веќе преземените приоритетни и краткорочни мерки и се комплементарни со нив. Иако зависи од многу фактори, сепак овде станува збор за временска рамка за нивно преземање од половина година до најмногу, една или две години.

Како среднорочни мерки што можат да им се препорачаат на општините се следниве:

- Одлука за воведување систем на интегритет заснован на првично усвоената декларација за борба против корупцијата и судирот на интереси во општината, т.н. политика на интегритет, што ќе се темели на воспоставување  систем на вредности, ставови и активности на локалната самоуправа кои овозможуваат придржување кон законите, кодексот на однесување и етичко однесување и работни практики;

- Спроведување на фазно градење на системот на интегритет преку дефинирање на рамката, проценка на ризиците од корупција, управување со ризиците и мониторинг и ревизија на системот;

- Ако веќе постои, усогласување на стратегијата за управување со ризици изготвена согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, со системот за интегритет или антикорупциската политика на општината;

- Спроведување континуирани обуки за интегритет и за спречување на корупцијата за администрацијата и за функционерите;

За оние општини што веќе имаат стратегии за управување со ризиците кои во себе содржат определени антикорупциски елементи и механизми за унапредување на интегритетот на вработените, се препорачува ревизија и и нивно одново формулирање, за да се прилагодат на новиот контекст, состојби, регулатива, проблеми и др